| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичнатанастава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Николовска J. | Модел на управување со систем за орална здравствена заштита | Докторски труд | 2007 |
| | | 2. | Daly B, Batchelor P, Treasure E, Watt R. Press | Essential Dental Public Health | Oxford University Press | 2013 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Pine C, Harris R. | Community Oral Health | Quintessence Publishing, United Kingdom | 2007 |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Дентална имплантологија | | | |
| 2. | Код | ДМЗДИ6 | | | |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ-Стоматолошки факултет, Катедра по имплантологија, Катедра по стоматолошка протетика и Катедра за болести на уста и пародонтот | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 6 | семестар | 11 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 5 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф..д-р Марија Пеева Петреска-одговорен наставник<br>*Наставата ја изведуваат наставници од наведените Катедри | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | ислушани сите задолжителни предмети од петта година и положени сите задолжителни предмети од четврта година. | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и | Цели на предметната програма (компетенции): Преку наставната програма на предметот Дентална имплантологија, студентите ќе се запознаат со основните принципи во областа на клиничка, рентгенелошка и компјутерска анализа за планирање на терапијата со дентални импланти; Селекција на пациент за | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | резултати од учењето: | имплантација од општ карактер, индикации,контраиндикации и ризик фактори; Запознавање со методите наимплантирање;изведувањето на хируршката фаза за постава на дентални импланти, изработка на супраструктурата и одржувањето на здраво периимплантно ткиво, како и можнитекомпликации во сите фази на имплантниот третман. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | **Теоретска настава -предавања**<br>1.Поглавје- Хируршки фази на имплантна терапија<br>- Историјат и развој на денталната имплантологија 1 час<br>- Макроскопски и микроскопски аспекти на денталните импланти, површина и дизајн, поделба според карактеристики - 1 час<br>- Индикации за постава на дентални импланти - 1час<br>- Ризик фактори и контраиндикации од општ и локален карактер за имплантнатерапија – 1 час<br>- Реакција и зараснување на ткиво околу имплантот- осеоинтеграција и фактори кои влијаат на осеоинтеграцијата - 1 час<br>- Квантитативна и квалитативна анализа на резидуалните алвеоларни гребени – класификации - 1 час<br>- Анатомоморфолошки карактеристики на виличните коски и соседните анатомски структури - 1 час<br>- План на имплантна терапија –рентгенолошка и клиничка анализа- 1 час<br>- 3Д компјутерска анализа на алвеоларните гребени и позиционирање наимпланти - 1 час<br>- Материјали и методи за локално зголемување на дефицитни алвеоларни гребени 2<br>- Хируршка фаза за постава на ендоосеални импланти - 1 час<br>- Синус лифт - методи и индикации - 1 час<br>- Интраоперативни и постоперативни компликации од имплантна терапија - 2 часа<br>*Резултати од 1 поглавје*<br>Студентот ќе биде оспособен да ги спроведува анамнестичките и основните дијагностички методи за евалуација и избор на пациенти од аспект на планирање за постава на дентални импланти (анлиза на беззабите простори, мерење на ширина и должина на алвеоларен гребен и мекоткивниот комплекс, клиничка и рентген анализа).; потоа стекнуваат познавање за морфолошките карактеристики на виличните коски и алвеоларниот гребен во квантитативна и квалитативна насока; Се запознаваат и со методите и материјалите за локално зголемување на алвеоларниот гребен во услови на дефицитарна алвеоларна коска; Добиваат знаења за хируршките постапки на постава на имедијатни и медијатни импланти; Ќе стекнат сознанија и за сите можни интраоперативни и постоперативни компликации во тек и по хируршката фаза на постава на дентални импланти, како и нивно решавање, односно терапијата поврзана со нив.<br>Индивидуализираната терапија, земајќи ги во предвид различните ризик фактори на пациентите од општ и локален карактер се клучни за долгорочниот успех на денталните импланти, почнувајќи од планирањето па се до хируршката постава на денталните импланти.<br>2.Поглавје– Супраструктури над дентални импланти<br>Протетички аспекти во денталната имплантологија-биомеханика на супраструктури на дентални импланти ......................................... 1 час<br>Поим, поделба и избор на абатменти; хилинзи................................ 1час<br>Имплантно носени супраструктури – поделба и карактеристики 2часа<br>Метал керамички супраструктури над имплантите ....................... 1час<br>CAD/CAM постапки во изработката на супраструктурите; хирушки водичи за имплантирање, протетички водич; индивидуални абатменти ……1 час<br>Техники и материјали за отпечатување во имплантната протетика 1часа<br>Концепт на мини импланти, ............................................................ 1час<br>Концепт all on 4, all on 6 ……………………………………….. 1 час<br>Резултати од 2 поглавје: Студентот ќе се запознае со различните видови на абатменти како надградба на денталните импланти. Студентот ке ги изучи различните протетички супраструктури над денталните импланти, техниките на земање на отпечатоци, лабораториските постапки за изработка на супраструктурите и начинот на нивно фиксирање. Ќе се запознае и и со |

| | | |
|---|---|---|
| | | специфичните концепти во планирање на орална рехабилитација со мини импланти како и концептот all on 4, all on 6<br>3.Поглавје – Инфламаторно деструктивни промени на периимплантни ткива – дијагноза и терапија<br>Анатомохистолошки карактеристики на периимплантните ткива<br>Микробиологија на периимплантниот биофилм Фактори на ризик и етиопатогенеза на периимплантните заболувања 1<br>Класификација на периимплантни болести и состојби<br>Дијагностички пристап во имплантологијата 1 час<br>Периимплантен мукозитис: клиничка слика, дијагноза и терапија<br>Периимплантитис: клиничка слика, дијагноза и терапија 1 час<br>Нехируршки третман на периимплантни заболувања<br>Хируршки третман на периимплантни заболувања 2 часа<br>Современи адјувантни терапии ( примена на ласери, фотодинамична терапија, пробиотици, наноматеријали, биоинжинеринг)<br>Стратегии за одржување и долгорочен успех на имплантите 1 час<br>Резултати од 3.поглавје<br>Студентот ќе се стекне со препознавање на разликите помеѓу периимплантните и пародонталните ткива, да знае да го дефинира микробиомот на периимплантниот биофилм и механизмот на неговото создавање. Сознанијата за факторите на ризик и нивниот ефект врз етиопатогенетските збиднувања при периимплантните заболувања се неопходни за да може да ги класифицира периимплантните болести и состојби. Спецификите на дијагностичките постапки како и диференцијално дијагностичкото разликување на периимплантниот мукозитис и периимплантитисот и нивните тераписки приоди ги заокружуваат резултатите од ова поглавје.<br>Студентот да добие знаење за принципите и изведбата на нехируршката механичка терапија и фармаколошките средства кои се применуваат (антибиотска терапија-системска и антисептици, антиинфламаторни агенси и адјувантни терапии- пробиотици, фотодинамична терапија, наноматеријали). Хируршките пристапи вклучуваат ресективни и регенеративни техники за елиминација на инфицираните ткива и стимулирање на коскената регенерација. Студентот ќе може да ги дефинира индикационите подрачја за примена на ласерите кои се користат за деконтаминација на имплантните површини и за стимулација на регенерација на периимплантните ткива. Акцентирана е неопходноста од редовните контроли, професионалното чистење и мотивацијата и едукацијата за орална хигиена кај секој пациент.Студентите добиваат основа за менаџирање со постимплантациските компликации – превенција и згрижување на периимплантен мукозитис и периимплантитис, нивната класификација и можности за терапија. Пошироко познавање за одржување на периимплантното ткиво и превенција од постимплантациски компликации.<br>**Вкупно 30 часа**<br>**Практична настава-вежби**<br>- Од првото поглавје - Хируршки фази на имплантна терапија 15 часа<br>- Од второто поглавје - Супраструктури над дентални импланти 10 часа<br>- Од третото поглавје Периимплантна болест и терапија 5 часа.<br>**Вкупно 30 часа**<br><br>**Семинари**<br>- Од првото поглавје - Хируршки фази на имплантна терапија 5 часа<br>- Од второто поглавје - Супраструктури над дентални импланти 5 часа<br>- Од третото поглавје - Периимплантна болест и терапија 5 часа.<br>**Вкупно ....................................................................15 часа** |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Орална хирургија, Клиничка мобилна протетика и Клиничка фиксна протетика, Болести на устата и пародонтот |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Интерактивна настава, вежби, работа во мали групи, презентирање и изведување на лабораториски постапки, демонстрирање на инструменти и методи кои се користат, тимска работа |
| 15. | Вкупен расположив фонд | 150 часа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на време | | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања - теоретска настава. часови | 30 часа |
| | | 16.2. | Вежби (**лабораториски,** аудиториски), **семинари**, тимска работа: часови | Вежби – 45 ч. |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 25 часа |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 50 часа |
| 18 | Услови за потпис | | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Тестови: 2 колоквиуми по 20 бода | | 40 бода |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: | | 10 бодови |
| | 19.3. | Завршен испит: | | 50 бодови |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Milan Jurišić, Dragoslav Stamenković, Aleksa Marković, Aleksandar Todorović, Božidar Dimitrijević, Vojislav Leković, Vitomir | Oralna implantologija | Stomatoloski fakultet Beograd | 2008 |
| | | 2. | Jovan V. Perović | Oralna implantologija | Agencija za marketing i zeppelin reklame DON VAS | 2004 |
| | | 3. | Carl E Misch | Dental implant prosthetics 2 edition | Elsevier Mosby | 2015 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Herbert T Shillinburg,Jr | Fundaments of fixed prosthodontics 4th edition | Quintenssence Publishing Co | 2012 |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Вовед во научно истражувачка работа |
| 2. | Код | ДМЗВН6 |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус |
| 4. | Организатор | УКИМ-Стоматолошки факултет,Катедра за Болести на уста и пародонтот |